претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбите може да се градат.

3. **Градежната линија** се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

4. **Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија**, дозволени пречекорувања се: -првиот скалник од влезните партии до 30см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,00см, -првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30см ако широчината на тротоарот е поголема од 2,00м, -второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60м над котата на тротоарот, -третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30см.

5. Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3м и помало не се **дозволени пречекорувања на градежната линија** со прво и второ степена пластика.

6. **Бруто развиената површина** за градба е презентирана без површината од можни галерии, конзоли и сл.

7. Со оглед на специфичноста на теренот во пад **максималната висина на објектите** се определува од висинската кота на просечната кота на партерот (заштитниот тротоар) околу објектот. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу заштитниот тротоар и завршниот венец на градбата. Доколку заштитниот тротоарот е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.

8. Основните решенија **на комуналните објекти и инсталации** во овој урбанистичкиот план за село, имаат информативен карактер, т.е. целта им е да укажат на концепциите за развој на комуналните објекти и инсталации. Понатамошната реализација и дооформување на системите на комуналните инсталации ке продолжи да се одвива со изработка на основни проекти.

9. Површините наменети за движење на пешаци, секаде каде е тоа можно според конфигурацијата на теренот да бидат континуирани без скали и со подвижен наклон од 8,33%, а во спротивно скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

Посебни услови за изградба

Нумерички показатели

Градежна парцела ГП1
Намена на градба: А1-домување во куќи
Површина на градежна парцела: 208,21 м2
Површина за градба: 39,32 м2
Вкупна изградена бруто површина: 117,96 м2

Процент на изграденост: 18,89 %
Коефициент на искористеност: 0.57
Висина на венец . 10.20 м
Катност: П+2
Зеленило: 45,32 %
Висинска кота: 166,22 (висинска кота според УП)

Паркирање: површините за паркинг место се планирани во рамки на градежната парцела. Планирано е едно паркинг место.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ СПОРЕД УП

реден број	површина на парцела	максимална површина на габарит	вкупна изградена површина м2	процент на изграденост	коефициент на искористеност	намена	максимална висина до кота на венец	спратност	зеленило	број на паркинг места
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
ГП 1	**208.21** m2	**39.32 м2**	**117.96 м2**	18.89%	0.57	А1	10.20	П+2	45.32%	1

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

5.1 Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива врз основа на која се уредува планскиот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:

- Закон за животната средина (Службен весник на Република Северна Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22).

- Закон за заштита на природата (Службен весник на Република Северна Македонија“ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21).

- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21);

- Закон за водите (Службен весник на Република Македонија“ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21).

- Уредба за класификација на водите (Службен весник на Република Македонија“ број 18/99)

Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99) се вон сила, а се применува единствено Уредбата за класификација на површинските води („Службен весник на Република Македонија“ број 99/16, 246/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 276/19 и 256/21);

- Закон за управување со отпадот (Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 82/09, 124/10, 09/11, 47/11, 51/11, 163/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16 и 63/16) е вон сила, а се применува Законот зауправување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 216/21);

- Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21

- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на Република Македонија“ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/20).

– Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија број 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15,98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19 и 178/21).

-Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 ,104/22 , 99/23 , 7/25,143/25, 241/25, 30/26 и 87/26

- Закон за градење ((„Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20)

- Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19)

Право и должност е на Република Северна Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Закон за животната средина (Службен весник на Република Северна Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,

42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22).

Цели на овој Закон се:
- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

4.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Закон за заштита и спасување Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 , 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21 задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерки за заштита и спасување се урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:
- Засолнување
- заштита и спасување од поплави

- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настрадано население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- асанација на теренот

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21 и Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19), како и: Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари (Сл.весник на Р.М. бр.98/05), Уредбата за спроведување и спасување од урнатини (Сл.весник на Р.М. бр.98/05) и Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед (Сл.весник на РМ бр.105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош; - Самозаштита, самопомош и заемна помош;

- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување.
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот

Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на Р.М. бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 , 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21 а во функција на уредување на просторот задолжително се обезбедува:

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства - Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи - Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 , 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21 се предвидуваат:

Урбанистичко-технички мерки

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. Од изработка на елаборатите се изземаат станбени градби

со висина на венецот до 10 м. и јавните градби со капацитет за истовремен престој до 25 лица. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 , 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19) и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари (Сл.весник на Р.М. бр.98/05), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл.весник на Р.С.М. бр.94/09), и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, планскиот опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од Велес. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари. Затоа потребно е планираната сообраќајна инфратруктура со хоризонталните и вертикалните елементи на коловозот да овозможат непречена интервенција на противпожарните возила, доводната мрежа на вода да е со капацитет кој овозможува напојување на надворешната хидрантска мрежа околу градбите, во согланост со ПП норми и стандарди, водењето на другата инфраструктура да е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија, кое ќе се дефинира со основните проекти.

-Пешачките патеки во внатрешноста на опфатот се така концепирани и димензионирани да можат да обезбедат режимски сообраќај до предвидените и постојните градби во случај на пожар. Истите се димензионирани со доволна широчина на пристапот и соодветна конструкција, за да овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожар и спасување на луѓето.

- Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0см. И закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

При дефинирањето на градбите во рамките на градежните парцели земено е во предвид потребното минимално растојание меѓу градбите од аспект на префрлање на пожарот од една до друга градба во зависност од предвидената висина на градбите и од противпожарната оптовареност на истите.

За градбите за кои не се однесува оваа одредба ќе се применуваат важечките мерки нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Согласно член 76 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 ,106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), Јавното претпријатие што стопанисува со водоводната мрежа во градот Велес е должно да изработи основни решенија на улична хидратанска мрежа во сите делови на градот така и во планскиот опфат која е предмет на планската документација. При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на планскиот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.

Заштита и спасување од поплави, заштита од уривање на брани и други природни непогоди

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови назаштитните објекти и околината. На планираната градежна парцела е предвидена атмосферска канализација.

Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето

На просторот досега не се забележани свлекувања на земјиштето. Но сепак потребно е да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, кој ќе послужи при изработката на проектна документација.

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување, заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни се во надлежност на Дирекцијата за заштита и спасување ПО Велес, во соработка со МВР-ПС Велес. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува Дирекцијата.

Заштита и спасување од урнатини

Заштитата и спасувањето од урнатини, опфаќа превентивни и оперативни мерки. За овој план важни се превентивните мерки за заштита од уривање, кои се состојат од активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на градбите. Ова подразбира да се градат градби асеизмички, да се обезбеди слободен проток на сообраќајниците и да не се создаваат тесни грла на истите, да се обезбеди депонија за складирање на градежниот одпад, при евентуални урнатини. Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл.весник на Р.М. бр.98/05)

Мерки за заштита од пожар на објектите

Сообраќајниот систем во планскиот опфат се состои од сообраќајница која овозможува лесен пристап на противпожарните возила до градбите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0см. И закосени поради лесен пристап на пожарни возила до градбите.

Со планирање на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар, согласно Законот за пожарникарството (Сл. весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19). Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 , 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21). При реализација на Урбанистичкиот план да се почитуваат мерките од Закон

от за заштита и спасување (Сл. весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21).

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени MS3 потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на градбите. Густината на градбите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичко проектирање, со помали висини градби и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

При реализација на Урбанистичкиот план, согласно членовите 13, 14, 34 и 35 мора да се почитуваат мерките од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21 и Законот за пожарникарството (Сл. весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19)

Хуманитарни мерки

Евакуација

Со евакуација се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено безбедно место и во одредено време

Згрижување на загрозено и настрадано население

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Засолнувањето и заштита на населението, материјалните добра и културното наследство се врши со изградба на јавни засолништа и други заштитни објекти, во согласност со Програмата на единицата на локалната самоуправа за јавни засолништа и потреби на подрачјето и во согласност со урбанистичкиот план.

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како

и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и превземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, должни се да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника.

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи. Превентивните мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативни мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен или контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плавели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување. Превентивни мерки за заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведувањето на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови

Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

5.3 Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Домувањето, мобилноста и пристапноста се основни предуслови за спроведување на сите активности во секојдневното живеење на лицата со инвалидност и нивното вклучување во заедницата.
За сите овие подрачја се воочува потребата за развој на стандардите. Потребно е во сегментот на пристапноста да се градат собраќајници со спуштени рабници, раскрсници со звучни семафорски уреди, со тактилни површини за слепите лица, како и звучни и визуелни најави во возилата на јавниот превоз, со можност слепото лице да користи куче - водич во сите средства на јавниот превоз и влез во сите градби за јавни намени.

Во градскиот и меѓуградскиот јавен сообраќај да се воведат адаптирани нископодни автобуси. Треба да се обрне посебно внимание за воведување на приспособени меѓуградски автобуски линии. Неопходна е достапност на јавниот превоз на сите линии, пристапност на возниот ред и на возилата и обезбедување на давање јасни и достапни информации на терминалите и во возилата. Во периодот на спроведување на Стратегијата, една од најважните задачи треба да биде промовирањето на „Универзалниот дизајн“.

„Универзалниот дизајн“ означува оформување на производите, опкружувањето, програмите и услугите, на начин да може да ги користат сите луѓе во најголема можна мера, без потреба од риспособување или посебнооформување. Посебна цел: Обезбедување на пристапност и достапност во сите сегменти на живеење.

Мерки:
- Да се воспостави опкружување пристапно за лицата со инвалидност со примената на начелата на универзалниот дизајн избегнувајќи на тој начин создавање на нови пречки;
- Да се овозможи достапност на превозот за сите лица со инвалидност;
- Да се развијат едукациски програми врзани со примената на Универзалниот дизајн;
- Да се обезбеди пристап до информациите и комуникациите за сите лица со инвалидност;
- Да се обезбеди примена на современите технологии;

- Да се воспостав и систем на помош при решавањето на станбеното прашање за лицата со инвалидност.

5.4 Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при реализација на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21
(1). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошкото значење, изведувачот на работите е должен:
1. Да го пријави откритието во мисла на членот 129 став (2) на овој закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.
(2). По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:
1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закон, а до предавањето да превземеме мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и
2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Во урбанистичкиот проект се применети сите добиени насоки од условите за планирање како основа за изработка на урбанистички проект. Планските решенија се засновани на сознанијата и заклучоците изведени од анализата на постојната состојба, како и на податоците добиени од правните субјекти од областа на комуналната инфраструктура, културното наследство, заштитата и спасувањето и сл.

Б Графички дел

1. Извод од урбанистички план со нанесен проектен опфат 1:1000
2. Ажурирана геодетска подлога презмена од геодетски елаборат, со нанесена граница на проектниот опфат, неопходен околен простор 1:1000
3. Урбанистичко решение за проектниот опфат

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА _ГРАДСКО_

Одделение за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина

Број: __12-168/2____ од _17.07.2025_ год.

Градоначалникот на Општина _ Градско _ постапувајќи по барањето на _ Каме Настов, за издавање на извод од Измена и дополна на УПС ГРАДСКО, на КП 1445/1, КП 1445/2 и КП 1447/1, КО Градско, Општина Градско, м.в. __///__, во ___ Градско___, издава:

ИЗВОД ОД измена и дополна на УПС за Градско

Наслов на планот: Измена и дополна на_УПС за Градско___, Одлука бр. _08-89/10___ од _26.02.2021__објавен во Службен Гласник на Општина __Градско__ бр. _8/21__, од _03.08.2021_ год.

Мерка: 1:_1000_____

Графички прилог на градежната парцела

▪ **Намена на градбата:**	А1 – домување во станбени куќи
▪ **Максимална дозволена површина:**	Вкупна површина на катастарската парцела е: _/_ м^2 Површина под градба: _/__ м^2 Процент на изграденост: _/___ % Коефициент на искористеност: _/____
▪ **Максимална дозволена височина до венец слеме:**	Максимална дозволена височина од нивото на заштитниот тротоар до венец изнесува _/____ м
▪ **Сообраќајни услови:**	Предвидени со Измена и дополна на_УПС за Градско___, одлука бр. _08-89/10___ од _26.02.2021_
▪ **Други услови:**	Предвидени со Измена и дополна на_УПС за Градско___, одлука бр. _08-89/10___ od _26.02.2021_


Според овие урбанистичко архитектонски податоци потребно е да се изработи идеен проект или урбанистички проект за градбата.

Доставено до:

- Барател
- Архива

Изготвил
Марија Рунтева, миа

ГРАДОНАЧАЛНИК
Киро Нацков



НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

А - ДОМУВАЊЕ

- A1 — А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ
- A4 — А4 - ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ

ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА 110кВ ДАЛЕКУВОД

ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА 10кВ ДАЛЕКУВОД

ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ЖЕЛЕЗНИЦА

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

- E1 — Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООРАЌАЈ/
- E2 — Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ТРАФОСТАНИЦИ, ЖЕЛЕЗНИЦА,БПС И УСЛ.ЦЕТАР/ БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛ. ЕНЕРГИЈА
- E3 — Е3 - НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА, ТРАФОСТАНИЦА НАД 35КВ, СКЛАД ЗА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ/

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=202.66ха
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- ГРАНИЦА НА НАМЕНА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- ОСОВИНА НА УЛИЦИ
- ГРАНИЦА НА КАНАЛИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ
- ГРАНИЦА НА РЕКА ВАРДАР
- ЛИНИЈА НА НАЈВИСОК ВОДОСТОЈ НА АКУМУЛАЦИЈА КУКУРЕЧАНИ кота мнв 134.9
- Б1 — НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК

Извод за КП 1445/1, КП 1445/2 и КП 1447/1 , КО Градско

ИЗВОД ОД: ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ГРАДСКО, ОПШТИНА ГРАДСКО

СИНТЕЗЕН ПЛАН

Графички изготвил: Марија Рунтева, миа

РАЗМЕР : 1:2500

4.1.9 Општи услови за градење и режим на користење на земјиштето и градбите

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот план за село, односно за изготвување на извод од урбанистички план и услови за изработка на архитектонско урбанистички проекти.

1. Општите услови и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејности само врз градителска активност која ќе следи по стапување во сила на Измената и дополнувањето на Урбанистичкиот план за село.
2. Објектите кои се изградени се евидентирани на ажурирани геодетски подлоги во Документационата основа на планот, се третираат како постојна состојба.
3. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на блок и градежна парцела поединечно.
4. Урбанистички план за село е изработен согласно чл.8 став 1 и 2 од Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистилки план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот за обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр. 142/15) во два дела и тоа:
   -графичките прилози од став 1 во М 1:1000,со големина на плански опфат од 202,66 ха
5. Градежни парцели и површини за градење не се утврдуваат, а катастарската парцела претставува градежна парцела. По исклучок, при понатамошна разработка – преку изработка на архитектонско – урбанистички проекти можно е да се формираат градежни парцели од две или повеќе катастарски парцели или во рамките на една катастарска парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели, а во согласност со Член 12 и Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 , 163/16, 64/18 и 168/18).
6. Градежната парцела може да се состои од две или повеќе катастарски парцели или во рамки на една катастарската парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели или на една катастарска парцела може да се предвидат површини за градење на две или повеќе градби, во чиј случај градежната парцела и површините за градење ќе се утврдат со архитектонско-урбанистички проект од член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18)
7. Максималниот процент на изграденост на градежните парцели потребно е да биде во согланост со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)
8. Намената на земјиштето во планот е уредена на ниво на наменска зона согласно член 23 став 3 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

9. Наменската зона е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето и подразбира начинот на уредување, изградба и употреба на градежното земјиште и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат во нив.
10. Класата на намени во рамките на планскиот опфат е обележана со име за секоја наменска зона поодделно согласно член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 142/15, 217/2015, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
11. При изработка на основни проекти и архитектонско урбанистички проекти, дополнителен услов е предвидување на зеленило во склоп на градежните парцели, со минимална застапеност од 20% во однос на секоја градежна парцела поединечно, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18). Процентот на озеленетост во рамките на парцелите од сите наменски зони освен Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаници) потребно е да изнесува минимум 20%.
12. Наменските зони со инкомпатибилни намени при идна разработка и спроведување на планот со проекти од пониско ниво да се изолираат со тампон зона од заштитно зеленило .
13. Подрачјето наменето за градба во третираниот плански опфат се дели на следните наменски зони:

А-Домување
А1-домување во станбени куќи
А4-времено сместување
Б-Комерцијални и деловни намени
Б1-мали комерцијални и деловни единици
Б2-големи трговски единици
В-Јавни институции
В1-образование и наука (ОУ „Даме Груев“)
В2-здравство и социјална заштита
В3-култура
В4-државни институции
В5-верски институции
Г-Производство, дистрибуција и сервиси
Г2-лесна индустрија
Г3-сервиси
Г4-стоваришта
Д-Зеленило и рекреација
Д1-парковско зеленило
Д2-заштитно зеленило
Д3-спорт и рекреација
Д4-меморијални простори
Е-Инфраструктура
Е1 - комунална инфраструктура /сообраќај/
Е2 - комунална супраструктура
Е3-некомпатибилна инфраструктура /трафост. над 35Кв, пречистителна станица, склад за нафтени деривати/

14. Сообраќај

Во рамките на планскиот опфат со планот третирана е сообраќајната мрежа и тоа:

- Магистрална улица
- сервисни улици
- станбени улици
- индустриска

При изработка на инфраструктурните проекти за истите, можно е да се вршат корекции во положбата на оските, ако тие промени не значат поголемо нарушување на концептот на урбанистичкиот план за село.

Можни се корекции на елементите на раскрсниците (радиуси и широчина на возни ленти), во рамките на предвидениот опфат. Овие евентуални промени не повлекуваат потреба од изменување и дополнување на урбанистичкиот план за село.

15. Комунални објекти и инсталации

Под комунални објекти и инсталации се подразбираат системите за водовод, канализација, електрична мрежа, ПТТ мрежа.

Објектите на комуналните инсталации (резервоари, прекидни комори, пречистителни станици, оддалечени степени на ПТТ мрежата и други објекти неопходни за функционирање на системите) можат да се лоцираат во просторот иако нема урбанистички план на детално ниво. За нив услови за градба ќе се составуваат во зависност од потребата на системот и непосредното опкружување на локалитетот каде тие ке треба да се градат, се разбира со предходно прибавено стручно мислење и предлог на управувачите со комуналните системи.

Основните решенија на комуналните објекти и инсталации во овој урбанистичкиот план за село, имаат информативен карактер, т.е. целта им е да укажат на концепциите за развој на комуналните објекти и инсталации.

Понатамошната реализација и дооформување на системите на комуналните инсталации ке продолжи да се одвива со изработка на основни проекти.

16. Надградби и доградби на постојните станбени објекти може да се реализираат само по добиено мислење од компетентна институција дека постојниот односно реконструираниот конструктивен систем на објектот може да издржи таква надградба.

17. Во домувањето во станбени објекти може да се предвиди деловен простор за трговски, занаетчиски, угостителски, интелектуални и други дејности според потребите на корисниците (функции кои не го загадуваат просторот).

18. Паркирање – гаражирање на моторни возила да се реши во рамките на парцелите ако поинаку не е образложено.

- Во урбанистичка парцела со постоен објект, со изведена гаража во објектот, гаражирањето е во истата, а за новопланираната надградба паркирањето да се обезбеди во рамките на парцелата.
- Во урбанистичка парцела со постоен објект, со интервенција на истиот (доградба и надградба) според условите да се обезбеди гаражирање во новата површина за градба или во склоп на парцелата, зависно од условите.
- Во урбанистичка парцела со новопланиран објект, паркирањето – гаражирањето да се обезбеди во склоп со објектот (во подрумско или приземно ниво) во зависност од условите.

19. Површината за градба во зоната со намена лесна индустрија се дефинира по претходно дефинирана проектна програма.
20. За објектите во рамките на планираната површина за градба во зоната со намена лесна индустрија, може да се изградат еден или повеќе објекти во зависност од потребите и предвидената технологија.
21. При реализација на урбанистичкиот план кај наменските зони со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија да се предвиди пречистителна станица за предтретман на отпадни води во сопствена градежна парцела.
22. Се предвидува можност, во секоја градежна парцела, поставување на фотоволтаични централи за производство на електрична енергија, а

местоположбата и површината ќе се дефинира со изработка на архитектонско-урбанистички проект.
Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
Согласно член 29 Системот на класи на намени се употребува во урбанистичките планови во функција на флексибилноста која треба да биде вградена во планот при одредувањето на намената на земјиштето.
Под компатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминуваат максимално дозволениот процент на учество даден во Прилог 1.

23. Архитектонското обликување на објектите зависи од намената и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативнсота на архитектот.
24. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.
25. Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски издатини.
26. Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

-првиот скалник од влезните партии до 30 см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,00 см,

-првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2,00 м,

-второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,

-третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см.

27. Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3 м и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика.
28. Бруто развиената површина за градба е презентирана без површината од можни конзол,еркери и сл.
29. Минималното растојание на второстепената пластика од соседот при калканско спојување на соседните градби треба да изнесува најмалку 10% од должината на уличната фасада на објектот, но не помалку од изведеното конзолно или еркерно пречекорување. Забараната за испуштање елементи од второстепена пластика во зоната на калканско поврзување на објектите не се однесува на објекти кои се градат на повеќе здружени парцели ниту пак за оние за кои постои согласност помеѓу соседите.
30. Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела дозволените пречекорувања на најистурениот дел на објектот, до границата на

соседните урбанистички парцели треба да изнесува најмалку една четвртина од висината на објектот, но не помалку од 1,2м.

31. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.
32. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и табелите за нумерички показатели е максимална. Максималната висина на објектите изразена во должни метри се определува од нивото на нивелетата на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека до завршниот венец на објектот.
33. Котата на нулта точка е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување.
34. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.
35. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. Максималниот агол на кровната конструкција во однос на вертикалната рамнина на фасадниот ѕид изнесува 35^0 но не повеќе од 4,5 м висина на слеме.
36. Површините наменети во урбанистичкиот план за движење на пешаци, секаде каде е тоа можно според конфигурацијата на теренот да бидат континуирани, без скали и со подолжен наклон од 8,33 %, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.
37. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормално одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.
38. За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, при изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, како и проекти за градбите од градежните парцели, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите (Службен весник на Република Македонија, број 25/10), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12 и 29/15), како и одредбите на членовите 75 – 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15,217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16, 33/17 и 86/18).
39. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

40. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија. Општинската депонија е лоцирана на КП 190/1, КО Чичево, на ИЛ718, во МВ Голаглава, со површина од 223096м^2.
41. Содржината во текстуалниот и графичкиот дел од овој план преставув солидна основа за издавање на Решение за локациски услови за градба.
42. Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува:
    - Да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се загрозува стабилноста на одбранбените насипи, да се копа земја, да се садат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради, доколку не се составен дел на системот за одбрана од поплави;
    - Да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;
    - Да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот поблиски од 10 метри од внатрешноста и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
    - Во појасот на одбранбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел на заштитата, одбранбените работи и мерки, ако тоа не е определено со планот за одржување на заштитните објекти и постројки;
    - Да не се пушта добиток за напасување и преминување преку или долж водостопанските објекти, ако тоа не е предвидено со планот за одржување на водостопанските објекти и постројки;
    - Да не се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи);
    - Да не се фрлаат отпадоци, земја и други предмети со кои се затрупуваат каналите;
    - Да не се испуштаат отпадни води во објектите со хидросистемите и системите за наводнување и системите за одводнување;
    - Да не се изведуваат работи кои би можеле да ги променат условите за мерење на водата на хидрометриски профили кај хидролошките станици;
    - Да не се изведуваат работи кои би можеле да ја загрозат стабилноста на браната, одбранбените насипи и други водостопански објекти и постројки или нивното наменско користење, како и да се менуваат природните услови во околината на акумулација поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолци и порои;
    - Да не се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на тешењето на водите;
    - Да не се вади песок, чакал, камен и друго од заштитните водостопански објкети и постројки, ако тоа не е предвидено со планот за нивно одржување;
    - Да не се вршат и други работи со кои се оштетуваат водостопански објекти и постројки;
43. Од аспект на заштита на водите треба да се имаат во предвид следните одредби:

- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад рожницата на насипот кај регулираните водотеци;
- Објектите и постројките кои што се во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води;
- Потребно е да се предвиди механички биолошки третман на отпадните води од објектите за комерцијална и деловна намена;
- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;
- Во однос на одведувањето на фекалните и отпадните води од локалитетот потребно е да се предвиди третман на отпадните води кои ќе се испуштат во рецепиентот мора да одговараат на критериумите дефинирани со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води;

44. Доколку при реализација на Урбанистичкиот план за село се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.в. на РМ, бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

При примена на планските решенија на **Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско - предлог план 2020-2030 год.** за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 ,163/16, 64/18 и 168/18) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) за плански период 2020 – 2030 год.

4.1.10 Планско решение на сообраќајната мрежа со нивелмаснко решение и со елементи за обликување на сообраќајниците

Планираната улична мрежа за **Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско** е поставена врз основа на: постојната состојба на уличната мрежа која моментално го опслужува сообраќајот како и претпоставените токови на движење на моторниот и пешачкиот сообраќај, а според урбанистички поставената организација на просторот со намена на површини и функции кои ќе егзистираат во истиот за предвидениот плански период.

При решавањето на сообраќајната мрежа е водено сметка како за карактерот на населбата, конфигурацијата на теренот, врските со градот, така и за функционалноста и спазување на сите неопходни норми за планирање на сообраќајот. При планирањето е водено посебно сметка за јасна класификација на сообраќајната мрежа. Сообраќајната мрежа ја

формираат следниве сообраќајници со структура на сообраќајни профили според пропишаните за таков вид на сообраќајници. Такви се:

А. Магистрална улица:
Магистралана улица низ населено место - село
-коловоз.....2Х3,50м'=7,00м'
-тротоар.....2х2,0 м'=4,00м'
-вкупно.....11,00м'

Б. Сервисни улици:
ул. Новопланирана 1
ул. Новопланирана 2
ул. Новопланирана 3
ул. Новопланирана 4
ул. Новопланирана 9

-коловоз.....2Х3,00м'=6,00м'
-тротоар.....2х2,0 м'=4,00м'
-вкупно.....10,00м'

В. Индустриска улица
ул. Новопланирана 10

-коловоз.....2Х3,50м'=7,00м'
-тротоар.....2х2,0 м'=4,00м'
-вкупно.....11,00м'

Г. Станбени улици:
ул. Новопланирана 5

-коловоз.....2Х3,00м'=6,00м'
-тротоар.....2х1,5 м'=3,00м'
-вкупно.....9,00м'

ул. Новопланирана 6
ул. Новопланирана 7
ул. Новопланирана 8
-коловоз.....2Х2,75м'=5,50м'
-тротоар.....2х1,5 м'=3,00м'
-вкупно.....8,50м'

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 2026639м^2 од која 105070м^{2}е под сообраќајни површини или 5.18%.

Стационарниот сообраќај се решава согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 228/15, 35/16, 99/16 , 134/16, 33/17 и 86/18),што значи да во рамките на секоја урбанистичка парцела е неоходно обезбедување на потребен простор за паркирање (гаражирање) на соодветен број возила. Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Нивелациски план

Со изработка на **Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско** пристапено е кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивеламанското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Подолжните падови се движат во границите на дозволените, односно согласно член 70 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16, 33/17 и 86/18).

4.1.11 Плански решенија на водовите и објектите на комуналната инфраструктура

Основните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација за **Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско** се изработени на основа следните подлоги и податоци:

-Условите за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија со тех. бр. Y06716.

Постојна состојба;

Према **Измена и дополнување на Урбанистичкиот план за село Градско, Општина Градско**, просторот е предвиден со класа на намена:

А1 - Домување во станбени куќи
А4- Времено сместување
Б1 - Мали комерцијални и деловни единици
Б2 – Големи трговски единици
В1 - Образование и наука (ОУ „Даме Груев“)
В2 - Здраство и социјална заштита
В3 - Култура
В4 - Државни институции
В5 - Верски институции
Г2 - Лесна индустрија
Г3 – Сервиси
Г4 - Стоваришта
Д1 - Парковско зеленило
Д2 - Заштитно зеленило
Д3 - Спорт и рекреација
Д4 - Меморијални простори
Е1 - Комунална инфраструктура /сообраќај/
Е2 - Комунална супраструктура
Е3 - Некомпатибилна инфраструктура

Вкупно број на жители за планскиот период 2020-2030 год. изнесува Nk = 4361 корисници.

Водоснабдување

Водоснабдувањето во локалитетот ќе се врши преку постојната и предвидената водоводна мрежа, која преставува дел од Градскиот водоводен систем.

Постојната водоводна мрежа која со своите траси и профили се вклопува во урбанистичкото решение како и со прописите за минимални профили предвидено од ЈКП Клепа– Градско и за планираниот период остануваат во функција. Водоводот е со профил ∅150мм, кој се планира на речиси сите улици од планскиот опфат, освен клучките од магистралниот пат Р 1102 и автопатот Е-75. Водоводна мрежа во локалитетот е кружна (циркулациона). Истата придонесува за зголемување на сигурноста во снабдувањето со вода како и зголемувањето на пропусната моќ на истата (водата во секоја точка доаѓа од два правци).

Мрежата располага со доволен број на затварачи со кои се врши изолација на поедини делници при евентуален дефект на мрежата.

Потребно количиство на санитарна вода

Домување

Параметрите за одредување на потребната количина на санитарна вода за населението се извршени согласно планираниот број на жители во планскиот период од 2020-2030 год. Согласно демографските анализи при предвидувањето на вкупното население во село Градско во 2030 год., се дојде до бројктата од 4361 жители.

$Q\max/\ h = \frac{N \times Q \times a_1 \times a_2}{86400}$ каде што е

N= Nж +Nk

Потребна количина на вода:

Nж - број на жители – 4361 жители

Q - водоснабдителна норма Q = 300 l/ден/жит.

a_1 = коефициент на дневна нерамномерност a_1 = 1,5

a_2= коефициент на часова нерамномерност. a_2 = 1,8

Средно дневна потрошувачка

$Q_{sr/den}$ = N x Q = 4361 x 300 = 1308300 l/den.

$q_{sr/den} = \frac{Q\ sr/den}{86\,400} = \frac{1308300}{86\,400} = 15{,}14$l/sek.

Максимална дневна потрошувачка

$Q_{mah/den}$ = $Q_{sr/den}$ x a_1 = 1308300 x 1,50 = 1962450l/den.

$q_{mah/den} = \frac{Q\ mah/den}{86\,400} = \frac{1962450}{86\,400} = 22.713$ l/sek.

Максимална часова потрошувачка

$Q_{mah/час}$ = $Q_{mah/den}$/24 x a_2

$Q_{mah/час}$=1962450/24 x 1,80 = 147183.75l/час

$q_{mah/час} = \frac{Q\ mah/\ \sim as}{3600} = \frac{147183.75}{3600} = 40.88$l/sek.

Лесна индустрија

Површина за изградба на стопанство

$F_{БРУТО}$ = 441007м^2 = 44.10 ха

$F_{НЕТО}$ = 346002 м^2 = 34.60 ха

Во недостаток на податоци кои не се дефинирани претпоставуваме водоснабдителна норма како за лесна индустрија:

$Q_{мах/ден}$= 2,31 л/с/ха;

$Q_{мах/час}$= 3,47 л/с/ха

Q_o = 200 000 л/ха/ден

Коефициент на редуцирана површина: $K_P = \frac{F_{BRUTO}}{F_{NETO}} = \frac{44.10}{34.60}$ = 1.28

Редуцирано:

$R_{мах/ден}$= $\frac{2.31}{1.28}$ = 1.81 л/сек/ха;

$R_{мах/час}$= $\frac{3,47}{1.28}$ = 2.71 л/сек/ха

$R_{мах/ден}$= 44.10 x 1,81 = 79.82 л/сек.

$R_{мах/час}$= 34.60 x 2,71 = 93.77 л/сек.

Количество на вода за против пожарна заштита

Према важечките технички прописи за заштита на населението и објектите од пожар, предвидено е да во случај на пожар се јави истовремено еден пожар со количествона вода од 10 л/сек., што важи за населени места до 5 000 жители, без оглед на отпорноста на објектите према пожар:

$$Q_{poz} = q_{poz} \cdot n_1 \cdot \frac{t}{24}$$

q_{poz} = 10 л/сек

n_1 - број на пожари кои можат да се појават истовремено

t – времетраење на пожар

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и планираната дистрибутивна водоводна мрежа, која ќе се состои од профили ∅150 мм.

Фекална канализација

Одведувањето на фекалните и отпадните води од постојните и планираните објекти во локалитетот ќе се врши преку планираната фекална канализација.

Планираната фекална канализација е усогласена со нивелационото решение на уличната мрежа. Минималниот профил на новопланираната канализација усвоен е од ∅300мм, што е усогласен со прописите од ЈКП Клепа Градско.

Количини на отпадни и фекални води

За одводнување на фекалните и отпадните води од домаќинствата и другите постројки и ново проектираните потрошувачи, предвидена е да се изведе засебна каналска мрежа (сепаратен тип).

Каналската мрежа е проектирана на основа следните параметри:

- сообраќајното решение на уличната мрежа;
- зонирањето на поедини содржини дадени со урбанистичката документација;
- нивелационото решение на улиците;
- постојните топографски услови за испуштање на овие води;
- важечките сегашни прописи за начинот и третманот на водите пред да бидат испуштени.

Каналската мрежа е предвидена на делници каде е предвидено домување и пратечки содржини и функции.

Димензиите на каналската мрежа се ∅300мм конструктивно усвоен. Овој профил со обзир на големите падови ја пропушта вкупната количина на фекална отпадна вода.

Пред да се испуштат овие води во суводоловите истите треба да се пречистат механички и биолошки до степен на пречистување 90 - 95%.

Количините на вкупната фекална и отпадна вода ке се одреди во зависност од потрошувачката на вода, имајки во предвид само 80 % од искористената вода од домаќинствата се одлева во канализациониот систем. Останатите 20 % од искористената вода нема да се испушта во канализацијата (миење на улици, поливање и др.). Од друга страна се планира количината на фекалните води во мрежата да се зголеми од инфилтрација на подземна вода за 25 %. Овие количини на вода се зголемуваат за 1,50 пати од дневната максимапна потрошувачка и за 1,80 пати од часовата максимална потрошувачка.

За одведување на капацитетот на мрежата прифатен е нормативот да само 80% од искористената вода од населението во локалитетот се одведува во канализациониот систем. Останатите 20% од искористените води нема да се испуштаат во фекалната канализација (миење на улици, поливање на зелени површини и др.). Исто така, се планира да количините на фекалните води во мрежата се зголемат и од инфилтрацијата на подземната вода за 20%. Овие количини на отпадни води се зголемуваат за 1,50 пати во деновите на максималната оптоварувачка. Часовиот максимум е за 1,80 пати поголем од деновите на максималната потрошувачка. Планираниот инфраструктурен систем на отпадните води ке биде димензиониран на овие коефициенти.

Имајки во предвид дека водоснабдителната норма е планирана на 200 л/сек/човек, максималната часова отпадна вода по жител изнесува:

$$qfek = \frac{0.80 \times Nk \times Q_o \times a_1 \times a_2 \times 1.2}{24 \times 60 \times 60}$$

$$qfek = \frac{0.80 \times 4361 \times 300 \times 1.50 \times 1.80 \times 1.2}{86400} = 39.25 \text{ л/сек}$$

Планираната фекална канализациона мрежа ќе се состои од арм. бетонски канализциони цевки со ∅300мм и арм. бетонски ревизиони шахти.

За одведувањето на капацитетот на фекалната каналаизациона мрежа е предвидена пречистителна станица во Блок 9 чиј најблизок реципиент е реката

Вардар. Водите третирани во пречистителната станица ќе се испуштат во најблискиот реципиент р.Вардар.

Атмосферска канализација

За одведување на атмосферските води од улиците, крововите и останатите бетонски, асфалтни и други површини, предвидена е засебна каналска мрежа (сепаратен тип), која има намена да ги прифати атмосферските води од улиците преку улични сливници и по најкус пат гравитационо да ги одведе до местото на испуштање - постојните суводолови и реката Вардар.

За одведувањето на капацитетот на атмосферската канализација е предвидена пречистителна станица во Блок 9 чиј најблизок реципиент е реката Вардар. Водите третирани во пречистителната станица ќе се испуштат во најблискиот реципиент р.Вардар.

Атмосферската канализациона мрежа е проектирана во согласност со нивелационото решение на улиците. Целокупната вода гравитационо се одведува по најкус пат до најниското место од каде преку одводен колектор се испушта во долот.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Планираната атмосферска канализација е усогласена со нивелационото решение на уличната мрежа.

Количини на атмосферски води

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент.

$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l/\sec)$= 202,66 x 110 x 0.4 = 8917,14 л/сек

F – вкупна сливна површина (ха) 202,66 ха

q_i – специфичен истек (110)

Ψ - просечен коефициент на истекување (0.4)

Целиот систем е пресметан според рационалниот метод, земајки го како критериум времетраењето на врнежите, односно времетраењето кое е равно на соодветното време на концентрацијата на врнежите.

На основа припадните сливни површини, интензитетот на истекување према наведениот образец, изнајдени се количините на вода а во согласност со падот на каналот извршено е димензионирање на каналската мрежа. Димензиите на мрежата се од ∅500.

Електро-енергетика и ПТТ инсталации

На основа добиените графички прилози и останати потребни параметри пристапено е кон изготвување на планиран развој на електро-енергетски објекти и мрежи и телефонска мрежа за **Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско** плански период 2020-2030 год со површина на зафат на од 202,66ха.

Основни содржини во просторот се:

А1 - Домување во станбени куќи

А4 – Времено сместување

Б1 - Мали комерцијални и деловни единици
В1 - Образование и наука (ОУ „Даме Груев“)
В2 - Здраство и социјална заштита
В3 - Култура
В4 - Државни институции
В5 - Верски институции
Г2 - Лесна индустрија
Д1 - Парковско зеленило
Д2 - Заштитно зеленило
Д3 - Спорт и рекреација
Д4 - Меморијални простори
Е1 - Комунална инфраструктура /сообраќај/
Е2 - Комунална супраструктура
Е3 - Некомпатибилна инфраструктура

За горе наведените содржини пристапуваме кон анализа на потребни едновремени снаги.

Анализа на снаги

Домување

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

Pen = Pen' + Pen''
Pen' =fn' x Pe' x n fn' = f~' + 1-f~' / n
Pen'' = fn'' x Pe'' x n fn'' = f~'' + 1-f~''
Pen - вкупна едновремена ел. снага за домување
Pen' - едновремена ел. снага за "n" станови
Pen'' - едновремена сл. снага за "n" станови за затоплување
Pe' - едновремена ел. снага за просечен стан Pe = 13 kW
Pe'' - едновремена ел. снага за просечен стан за затоплување Pe''=2,5 kW
f~' и f~'' - фактор на едновременост, за бесконечен број на станови (f~'=0,15;f~''=0,9) n - број на станови (1338)
fn' i fn'' - коефициент на едновременост за "н" станови

$$fn = f\infty + \frac{1-f\infty}{\sqrt{n}} = 0{,}185 + \frac{1-0{,}185}{\sqrt{1338}} = 0{,}20$$

Потребна едновремена снага:

ΣPen = Pen x n x fn = 13 x 1338 x 0,20 = 3478.8 kW

Едновремената ел. снага за домување изнесува:
Pen = 3478.8 kW

Останати функции

Едновремената снага се определува према нивната нето површина според следните критериуми:

- за јавни институции 0.06 kW/m^2
- лесна и незагадувачка индустрија, 0.03 kW/m^2
- сообраќајници и зеленило 30,00 kW/ха
- Едновремената ел. снага за останатите функции изнесува:

Индустрија 441007м^2 x 0,06 kW/m^2 = 26460.42kW

Јавни институции 20163 m^2 x 0,03kW/m^2 = 604 kW
Сообраќајни површинии (16.02ха) = 300 kW
зеленило -----

Вкупно: 30843.22 kW

Едновремената ел. снага за останатите функции изнесува:
Pen = 27364.42 kW
Вкупно потребна едновремена снага за локалитетот изнесува:
30843.22 kW.

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 630 kVA.

$$\eta_{tr} = \frac{\Sigma Pen}{Str \times \eta} = \frac{30843.22}{630 \times 0.75} = 65$$

Според пресметките потребни се 65 трафостаници 10/0,4 кВ.

Местоположбата за трафостаниците ќе се дефинира накнадно со разработка на секој блок поединечно

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа"В-2", споредни, локални
- класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

"В-2" (С)

- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност jr=40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување еднореден

"В" - паркинг простори

- средна погонска осветленост Eyg = 10-20 Eh
- просечна рамномерност jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250 W
- начин на поставување двореден

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот стан-телефон и за останатите функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телекомуникации.

4.1.12 Мерки за заштита и спасување

Законската регулатива со која се регулира заштитата на животната средина, релевантна за изработка на **Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско - Предлог план 2020-2030 год**, е следна:

*Закон за животна средина ("Сл.весник на Р.М." бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 ,39/16, 99/18);

*Закон за заштита на природата ("Сл.весник на Р.М." бр. 67/2004, 14/2006; 84/2007; 35/2010;47/2011; 148/2011 ,59/2012 и 13/2013, 113/2018);

*Закон за квалитет на амбиентниот воздух ("Сл.весник на Р.М." бр. 67/2004, 92/2007, 35/2010, 47/2011, 59/12, 163/13 и 10/15 ,146/15);

*Закон за управување со отпадот ("Сл.весник на Р.М." бр. 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16 ,);

*Закон за спречување на штетна бучава ("Сл.весник на Р.М." бр.79/07,163/13);

*Закон за заштита и спасување ("Сл.весник на Р.М." бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16 ,83/18);

*Закон за води ("Сл.весник на Р.М." бр. 87/ 08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/ 11, 44/12, 23/13, 163/13,180/ 14,146/15 и 52/16);

*Уредба за класификација на водите ("Сл.весник на Р.М." бр.18/99);

*Уредба за категоризација на водите ("Сл.весник на Р.М." бр.18/99);

*Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник наР.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16,33/17 и 86/18).

Објектите предвидени во смисла на мерки на заштита од пожар, претставуваат објекти за производство, диструбуција, сервиси, комерцијални намени, домување итн. Во тие објекти можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример гости, посетители и други.

Објектите треба да се лоцираат така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот да не е помала од 4,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат се закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот се состои од, собирни улици,станбени улици и пристапни улици, кои овозможуваат лесен пристап на пожарните возила до објектите.

При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На блиско растојание постои ПП единица.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М." бр. . 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16 ,83/18), се уредува заштита и спасувањето на луѓето и материјалните добра од природни непогоди епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Природните непогоди се настани предизвикани од неконтролираното дејство на природните сили кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето и животните и предизвикаат штети на имотот, културното насдедство и животната средина (земјотреси, поплави, дизгање на земјиште, снежни лавини, наноси, дуњи, уривање на високи брани и насипи, суши, атмосферски и други непогоди).

Епидемии, епизоотии и епифитотии се настани кои доведуваат до интезивни и масовни појави на одредени заболувања кај дуѓето, животните и растенијата.

Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства при производството, складирање и транспорт на истите.

Мерките за заштита и спасување задоджително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, а начинот на примена со уредба го уредува Владата.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални посдедици врз човекот и природата. Просторот каде е лоциран објектот, се наога во зона на 9 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

По однос на заштита од природни непогоди, објектот треба да се изгради согласно важечките технички прописи од соодветните области.

Од останатите метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на град, луњени ветрови и магли.

Со цел за поефикасна заштита обавезно е предвидување на современа громобранска инстадација и нејзино континуирано одржување. Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетација.

По однос на заштита од технодошки катастрофи при спроведување на урбанистичкиот план треба да превземат сите мерки за заштита со изработка на проектна документација и изготвување на соодветни елдаборати за заштита.

Засолнувањето опфаќа пданирање, изградба, одржување и користење на засолништата и други заштитни објекти и засолнување на населението. материјалните и кудтурните добра на Репубдиката. Обврската на планирање и изградба на засолништа згради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните, јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеќе закони и подзаконски акти. Имено, согдасно Законот за заштита и спасување ("Сл.весник на Р.М." . 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16 ,83/18) и согдасно Уредбата за начинот на изградбата, одржувањето и користењето на засолништата и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број засоднишни места ("Сл.весник на Р.М." бр. 80/05), изработката на урбанистичкиот пдан во делот на мерки за заштита и спасување треба да се врши врз основа на загрозеност на опфатот.

Одржување и користење на засолништата и другите заштитни објекти и опредедувањето на потребниот број засолнишни места со Уредба ги уредува Владата.

Согдасно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. . 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16 ,83/18), мерките и активностите за заштита на животот и имотот на луѓето од пожари, опфаќаат отстранување на причините за настанување на пожари, откривање, спречување на ширење и гасење на пожари, утврдување на причините за настанување на пожар, како и давање на помош при отстранување на последиците предизвикани од пожар. Поради тоа предвидени се сдедните плански мерки за заштита од пожар:

- објекот во рамките на планската документација е предвиден од тврда градба со огноотпорни материјали.
- при планирањето да се води сметка за обезбедување заштитни зони околу објектот согласно законските прописи.
- со сообраќајно решение и начинот на кој се предвидува изградба на објектот да се овозможи пристап на противпожарно возило од две страни. Пристапната улица или патека да е со доводна ширина, а потребно е да се изведе со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила.
- во градот Градско се наоѓа противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени дица за дејствување во случај на пожар.

Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарно возило до предметниот простор е околу 15 минути. Сите објекти потребно е да се опремени со ПП апарати за гасење со С02 прав или пена.

Согласно Просторниот план на Република Македонија и согласно Законот за одбрана (Сл.в. на PIVT, бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11, 151/11 и 215/15), Законот заштита и спасување (Сл.в. на РМ, . 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16 ,83/18) и Законот за управување со кризи ("Сл.в. на РМ" бр.29/05), просторот предвиден за изработка на урбанистичкиот план се наоѓа во регион со висок степен на загрозеност од воени дејства.

Според тоа, во согласност со член 55 од Законот заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. . 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16 ,83/18) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се, објектите во склоп на зоната да бидат отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожзрни пречки, изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Обврската на планирање и изградба на засолништа заради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните, јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеќе закони и подзаконски акти, и тоа:

- Законот за одбрана (Сл.весник на Р.М. бр.42/01, 05/05, 58/06 и 10/08);
- Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. . 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16 ,83/18);
- Законот за управување со кризи (Сл.весник на РМ" бр. 29/05);

- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15 , 193/15, 31/16,163/16, 64/18 и 168/18);
- Уредба за начинот на изградбата, одржувањето и користењето на засолништата и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број засолнишни места (Сл.весник на РМ" бр.80/05);
- Уредба за спроведување на засолнувањето ("Сл.весник на РМ" бр.95/05);
- Уредба за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Сл.весник на РМ" бр. 105/05);
- Одлука за утврдување на загрозени зони (Сд.весник на РМ" бр. 105/05);

Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл. весник на РМ", бр. 78/06) и

- Правилник за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.М." бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16, 33/17 и 86/18).

Врз основа на член 61 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.93/12-прочистен текст) за овој урбанистички план се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

-засолнување
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари. експлозии и опасни материи
-заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
-заштита и спасување одурнатини
-заштита и спасување одтехничко-технолошки несреќи и
-спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

-евакуација
-згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-прва медицинска помош
-заштита и спасување иа животни и производи од, животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
-асанација на теренот.

- Засолнување

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

• Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

• Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

На површината на предметниот плански опфат на **Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско - Предлог план 2020-2030** планирани се 13 блокови со намена:

А1 - Домување во станбени куќи
А4 – Времено сместување
Б1 - Мали комерцијални и деловни единици
В1 - Образование и наука (ОУ „Даме Груев“)
В2 - Здравство и социјална заштита
В3 - Култура
В4 - Државни институции
В5 - Верски институции
Г2 - Лесна индустрија
Д1 - Парковско зеленило
Д2 - Заштитно зеленило
Д3 - Спорт и рекреација
Д4 - Меморијални простори
Е1 - Комунална инфраструктура /сообраќај/
Е2 - Комунална супраструктура
Е3 - Некомпатибилна намена

Објектите се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 5,5 м со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на Против Пожарен Центар во општина Градско.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 93/2012-прочистен текст). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник од Ø80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку Ø80мм. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 93/12-прочистен текст) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важеките мерки. нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

•Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 93/12-прочистен текст) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за

време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други

експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни усло ви.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

• Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки: -објектите се со кота на венец до 10,20 м;

-при рушење објектот ја зафаќа H/2 од површината околу себе, односно рушевините се во склоп на парцелата;

-сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со рушевини и ке има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на граница помеѓу 8 и 9 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекги.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

• Спасување од сообраќајни несреќи

Планираната улична мрежа за овој **Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско - Предлог план 2020-2030** е планирана по принцип на хиерархиска функционална класификација, од примарна и секундарна мрежа.

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 202,66 ха. Стационарниот сообраќај е решен согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 228/15, 35/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската клиника.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на Против Пожарен Центар на општина Градско.

• Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

• Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

• Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите, последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираатопасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекги во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување итоа:

-РХБ извидување на територијата

-дозиметриска контрола

-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје

-лабараториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

• Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето -заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

•Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето итранспортдо соодветните ветеринарни установи.

• Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

• Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Општинската депонија е лоцирана на КП 190/1, КО Чичево, на ИЛ718, во МВ Голаглава, со површина од 223096м2. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопан- ството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ке се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.

Врз основа на член 53 Од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.93/12-прочистен текст) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1)при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

2)во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и

3)при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба. Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;

5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на оваа **Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско**, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и иормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 93/12-прочистен текст), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на Р.М. бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на Р.М. бр.76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Сл.весник на Р.М. бр.98/05).

4.1.13 Мерки за заштита и спасување на животната средина и природата

Просторот што го опфаќа планот е на површина од 202,66ха и е предвиден за изградба на објекти со намена:

А1 - Домување во станбени куќи
А4- Времено сместување
Б1 - Мали комерцијални и деловни единици
Б2- Големи трговски единици
В1 - Образование и наука (ОУ „Даме Груев“)
В2 - Здравство и социјална заштита
В3 - Култура
В4 - Државни институции
В5 - Верски институции
Г2 - Лесна индустрија
Г3- Сервиси
Г4- Стоваришта
Д1 - Парковско зеленило
Д2 - Заштитно зеленило
Д3 - Спорт и рекреација
Д4 - Меморијални простори
Е1 - Комунална инфраструктура /сообраќај/
Е2 - Комунална супраструктура
Е3 - Некомпатибилна инфраструктура

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообракај и загадување предизвикано од начинот на загревање на објектите. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

Со законот за заштита на животната средина (Сл.весник на Р.М." бр. 93/12-прочистен текст) се уредени правата и должностите на Република Македонија, како и првата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето на услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на пзвото на граѓаните на здрава животна средина.

Со цел да се воспостави системот за заштита на животната средина при процесот на изготвување на **Измена и дополнување на Урбанистички план за**

село Градско, Општина Градско - Конечен Предлог план 2020-2030, потребно е да се има во предвид следното:

Согласно Закон за животна средина ("Сл.весник на Р.М." бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 ,39/16, 99/18) и Закон за заштита на природата ("Сл.весник на Р.М." бр. 67/2004, 14/2006; 84/2007; 35/2010;47/2011; 148/2011 ,59/2012 и 13/2013, 113/2018, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина со цед да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведување на проектот;

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води;
- Задолжителна имплементација на уреди за редукција или целосна елиминација на емисиите во атмосферата, со цел да се зачува квалитетот на амбиентниот воздух;
- Предвидување на соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга цел;
- Задолжително испитување на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогдасат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, согласно Уредбата за кдасификација на водите и Уредбата за категоризација на водите;
- Согласно член 7 од Законот за управување со отпад ("Сл.весник на Р.М." бр. 68/04 и 07/07), создавачите на отпад се должни во најгодема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или да се користи како извор на енергија;
- После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во локалната депонија; Општинската депонија е лоцирана на КП 190/1, КО Чичево, на ИЛ718, во МВ Голаглава, со површина од 223096м2.
- Да се планира изведба на современа инфраструктура и имплементација на современи чисти технологии во идните индустриски капацитети;
- Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

Концептот за заштита на животната средина базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, мешу кои амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот. Токму затоа, при планирање на Урбанистичката планска документација, потребно е да се посвети посебно внимание на:

- Заштитата, унапредувањето и адекватното користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во предвидениот простор;

• Обезбедување на заштитен појас со високо зеленило во поглед на комплексната заштита на просторот, посебно покрај сообраќајниците, и богато хортикултурно уредување на комплексот;

• При изработката на Урбанистичкиот план да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.

Потребно е да се потенцира дека создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на водостопански објекти

Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува:

- Да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се загрозува стабилноста на одбранбените насипи, да се копа земја, да се садат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради, доколку не се составен дел на системот за одбрана од поплави;
- Да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;
- Да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот поблиски од 10 метри од внатрешноста и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
- Во појасот на одбранбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел на заштитата, одбранбените работи и мерки, ако тоа не е определено со планот за одржување на заштитните објекти и постројки;
- Да не се пушта добиток за напасување и преминување преку или долж водостопанските објекти, ако тоа не е предвидено со планот за одржување на водостопанските објекти и постројки;
- Да не се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (приросни рампи);
- Да не се фрлаат отпадоци, земја и други предмети со кои се затрупуваат каналите;
- Да не се испуштаат отпадни води во објектите со хидросистемите и системите за наводнување и системите за одводнување;
- Да не се изведуваат работи кои би можеле да ги променат условите за мерење на водата на хидрометриски профили кај хидролошките станици;
- Да не се изведуваат работи кои би можеле да ја загрозат стабилноста на браната, одбранбените насипи и други водостопански објекти и постројки или нивното наменско користење, како и да се менуваат природните услови во околината на акумулација поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолци и порои;
- Да не се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на тешењето на водите;
- Да не се вади песок, чакал, камен и друго од заштитните водостопански објкети и постројки, ако тоа не е предвидено со планот за нивно одржување;
- Да не се вршат и други работи со кои се оштетуваат водостопански објекти и постројки;

- На територијата во границите на планскиот опфат на Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско,општина Градско постојат отворени канали за наводнување на земјоделски површини со заштитен појас од 3.5м чиј режим на уредување, користење, заштита, зафаќање и одведување на водите е во надлежност на локалната самоуправа.

Заштита на водите

Од аспект на заштита на водите треба да се имаат во предвид следните одредби:

- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад рожницата на насипот кај регулираните водотеци;
- Објектите и постројките кои што се во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води;
- Потребно е да се предвиди механички биолошки третман на отпадните води од објектите за комерцијална и деловна намена;
- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;
- Во однос на одведувањето на фекалните и отпадните води од локалитетот потребно е да се предвиди третман на отпадните води кои ќе се испуштат во рецепиентот мора да одговараат на критериумите дефинирани со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води;

4.1.14 Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност и друго

Составен дел на овој Урбанистички план за село се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Ова особено се однесува на уредувањето на земјиштето за општа употреба во рамките на планскиот опфат, а пред сѐ планираната улична мрежа и јавен паркинг.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 8,33%.

При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

При изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, како и проекти за градбите со основна класа на намена В2 – Здравство и социјална заштита и Д3 – Спорт и рекреација, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите (Сл. весник на Р.М. бр. 25/10), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање како и одредбите на членовите 75 – 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- Реализацијата на Урбанистичкиот план за селото Градско во општина Градско на површина од 202,66 ha, согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.
- Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.
- Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 202,66 ha на планскиот опфат на селото.Една од планските определби утврдени со "Просторниот план

Заштита на земјоделското земјиште

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

Шуми и шумско земјиште

- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во теренитe каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и теренитe во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голиниte со автохтони видови на дрвја, особено околу

изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Планскиот опфат на селото Градско се наоѓа во сливот на планираната акумулација Кукуречани на реката Вардар. Котата на максималното ниво на водата е предвидена на 134,9 m н.в. Бидејќи просторите погодни за изградба на акумулации се ограничени, стратешка определба е максимална заштита на тие простори со превземање на соодветни мерки со кои ќе се спречи деградирањето на коритото и окупирање на бреговите на речното корито со непланско градење на објекти. При одредувањето на границите на планскиот опфат на селото да се има во предвид просторот предвиден за изградба на акумулацијата и заштитниот појас кој мора да биде запазен во крајбрежниот појас на акумулацијата.
- Обезбедувањето на потребните количини на вода за селото треба да се одвива во насока на синхронизирана изградба на водостопанските објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода и спречување парцијални решенија кои ќе го оневозможуваат развојот на нови водостопански решенија;
- За квалитетно и долгорочно водоснабдување потребно е да се дефинираат заштитни зони околу изворникот и да се дефинира режимот на заштита;
- Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) користењето на водите да биде врз основа на хидрогеолошки испитувања со кои ќе се дефинира режимот на хранење на бунарите и квалитетот на водата
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет согласно "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

Електроенергетска инфраструктура

- Планскиот опфат за село Градско, општина Градско нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

Урбанизација и систем на населби

- Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна;
- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).
- Изградбата на викенд населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

Домување

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето за Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско,

општина Градско, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.

- Проекцијата на потребниот станбен простор за селото во планскиот период треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20-25 m^2/жител станбена површина, 40-80 m^2/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Јавни функции

- Организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно ППРМ а под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

Индустрија

- Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.
- Доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.
- Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита.

Сообраќај и врски

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:
    - Е-75 кој се поклопува со магистралниот пат М-1 : (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ
    - М-1 - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР)
- Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:
    - А1 - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А2)
- При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Закон за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15).
- При планирање на локацијата да се почитува и заштитната зона на железницата, согласно член 59 став 4 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15 и 31/16).

Комуникациска инфраструктура

- Планскиот опфат за село Градско, општина Градско нема конфликт со постојните и планирани комуникациски водови.

Заштита на животната средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.
- Предметната локација се наоѓа во непосредна близина на реката Вардар, која согласно Просторниот план на Република Македонија е река со нарушен квалитет, поради што е потребно да се предвидат соодветни мерки за заштита.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалишта и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Заштита на природното наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.
- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Р.Македонија при изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

Развој на туризмот и организација на туристичките простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање,припаѓа на Средно-Вардарски туристички регион во кој се утврдени6 туристички зони и 24 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува и Транзитниот туристички коридор.
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, општина Градско, се наоѓа во Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и Индиректно загрозени простори од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

4.1.15. Посебни услови за изградба

Планскиот опфат на **Измена и дополнување на Урбанистички план за село Градско, Општина Градско - предлог план 2020-2030** е поделен на вкупно 13 блокови.

Урбанистички план за село Градско		
Број на блок	$м^2$	ха
Б1	100271 м2	10,03
Б2	84229 м2	8,42
Б3	102907 м2	10,29
Б4	220111 м2	22,01
Б5	43973 м2	4,40
Б6	155412 м2	15,54
Б7	101654 м2	10,17
Б8	448728 м2	44,87
Б9	394475 м2	39,45
Б10	140377 м2	14,04
Б11	64855 м2	6,49
Б12	156269 м2	15,63
Б13	13380 м2	1,34
Вкупно:	2026639 м2	202,66

Анализата се однесува за планскиот опфат со вкупна површина од 2026639$м^2$ односно 202,66 ха систем на класи на намени :

А- домување

Б-Комерцијални и деловни намени

В- јавни институции

Г-Прозиводство, дистрибуција и сервиси

Д- зеленило и рекреација

Е- инфраструктура

Целиот плански опфат графички е прикажан во размер 1:2 500, односно согласно чл.8 став 2 од Правилникот за поблиската содржина , форма и начин на обработка на генерален урбанистилки план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата , содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот за обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр. 142/15).

Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:

А1 - Домување во станбени куќи

А4 – Времено сместување

Б1 - Мали комерцијални и деловни единици

Б2 – Големи трговски единици

В1 - Образование и наука (ОУ „Даме Груев“)

В2 - Здравство и социјална заштита

В3 - Култура

В4 - Државни институции

В5 - Верски институции

Г2 - Лесна индустрија

Г3 – Сервиси

Г4 - Стоваришта

Д1 - Парковско зеленило

Д2 - Заштитно зеленило

Д3 - Спорт и рекреација

Д4 - Меморијални простори

Е1 - Комунална инфраструктура /сообраќај/
Е2 - Комунална супраструктура
Е3 - Некомпатибилна инфраструктура

За сите планирани наменски зони на ниво на цел плански опфат, зададени се следниве урбанистички параметри:

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	Максимално дозволена височина до хоризонтал-ниот венец на градбите	Максимално дозволена катност	Максимално дозволен процент на изграденост	Максимално дозволен коефициент на искористеност	Дозволени компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена	Максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намена во однос на основната класа на намена	Вкупна површина на наменски зони со соодветната основна класа на намена	Процент на застапеност на наменските зони со соодветната основна класа на намена во однос на површината на планскиот опфат
А1 – ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	10,20 m	П+2+Пк	70,00%	2,80	Б1,В1,В2,Д3,Б5	30,00%	1223508 m²	60,37%
А4 - ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ	10,20 m	П+2+Пк	70,00%	2,10	Б1,Б3,В2,Д3	30,00%	11783 m²	0,58%
Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	7,50 m	П+1	70,00%	2,10	А1, А3,Б4	40,00%	7875 m²	0,39%
Б2-ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ	7,50 m	П+1	70,00%	2,10	А3, Б5, Б3, Б4,В2,В3,В4	40,00%	2540 m²	0,13%
В1 - ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА (ОУ „Даме Груев“)	15,00 m	Со проект	70,00%	2,10	А3, Б1, Б4, В3, Д3	20,00%	9974 m²	0,49%
В2 - ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА	15,00 m	Со проект	70,00%	2,10	А3,Б5, Б1, Д3, Б4	40,00%	2665 m²	0,13%
В3 - КУЛТУРА	15,00 m	Со проект	70,00%	2,10	Б5,Б1,Б2,Б4,В1,В2, В4, Д3	49,00%	3390 m²	0,17%
В4 – ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ	15,00 m	Со проект	70,00%	2,10	Б1, Б2, Б3, Б4, В3	49,00%	3639 m²	0,18%
В5 - ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	15,00 m	Со проект	Со проект	Со проект	Б5, Б1, Д1, Д3, Д4	49,00%	1897 m²	0,09%
Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА	12,00 m	П+1	70,00%	2,10	Б1, Б2, Б4,В2, Д2, Д3, Д4, Г3, Г4	49,00%	295874 m²	14,60%
Г3-СЕРВИСИ	12,00 m	П+1	70,00%	2,10	Б1, Б2, Б4, Д2,Д3, Д4, Г2, Г4	49,00%	706 m²	0,03%
Г4-СТОВАРИШТА	12,00 m	П+1	70,00%	2,10	Б1, Б2, Б4, Г3, Д2, Д3, Д4	49,00%	4203 m²	0,21%
Д1 – ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО	4,00 m	П	-	-	Б1, Д3	10,00%	3589 m²	0,18%
Д2 – ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	-	-	-	-	-	-	42444 m²	2,09%
Д3 – СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	15,00 m	Со проект	70,00%	2,10	А4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, Б6, В3, Д1	40,00%	17470 m²	0,86%
Д4 - МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	15,00 m	Со проект	70,00%	2,10	В5	40,00%	9129 m²	0,45%
Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	Со проект	Со проект	Со проект	Со проект	-	-	235144 m²	11,60%
Е1 – КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	-	-	-	-	-	-	37026 m²	1,83%
Е3 - НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	-	-	-	-	-	-	105070 m²	5,18%
ВОДЕНИ ПОВРШИНИ - КАНАЛИ	-	-	-	-	-	-	8713 m²	0,43%
ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТ							**2026639 m²**	**100,00%**

Во продолжение се зададените посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите, зададени поединечно за секој планиран блок и секоја планирана наменска зона.

Блок 1

БЛОК 1		
ПОВРШИНА 10.03 ХА	**ПАРАМЕТРИ**	**%**
А1- ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	31840 м2	31,75%
Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ЖЕЛЕЗНИЦА , ТРАФОСТАНИЦА И БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА/	60584 м2	60,42%
Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООБРАЌАЈ/	6522 м2	6,50%
Д2- ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	1324 м2	1,32%

ПЛАНСКИ ОПФАТ	**100271 м2**	100,00%

Површина: 10.03 ха

Намена: А1-домување во станбени куќи, Е2-комунална супраструктура /трафостаница, железница и биогасна централа за производство на електрична енергија/, Е1-комунална инфраструткура /сообраќај/ и Д2-заштитно зеленило.

- А1- домување во станбени куќи

Класата на намена А1- домување во станбени куќи кореспондира со компатибилни класи на намена на основната класа на намена како што се:

- Б1-мали комерцијални и деловни единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- В1-образование, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- В2-Здравство и социјална заштита, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- Д3-спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- Б5-хотелски комплекси, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 5%

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 30%.

При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите.

Со анализа на постојната состојба добиен е целосен увид во однос на бројот, големината и материјалната вредност на станбените објекти. Од тука е произлезен и ставот за идниот статус на секој поединечен објект, неговиот однос кон вклопување во цели на планирање.

- Реконструкција на станбени куќи со проширување на површината за градба со доградба и надградба;
- Се задржуваат без интервенција објектите кои со својата големина, висина и квалитет ги задоволуваат применетите критериуми;
- Максимална висина т.е. одредување на кота на венец во однос на тротоар е:

- Максимално дозволена височина до хоризонталниот венец на градбите: .....**10,20 m**
- Максимално дозволена катност.....**П+2+Пк**
- Максимално дозволен процент на изграденост .....**70 %**
- Максимално дозволен коефициент на искористеност **2,80**
- кота на тротоар ± 0.00 м
- кота на приземна плоча или нулта точка во однос на нивелетата на тротоар мах. 1,20 м
-максимална висина на слеме како највисока точка на кровната конструкција изнесува 4,50 м над завршниот венец на градбата

За класите на намена Е1-комунална инфраструктура, Е2-комунална супраструктура и Д2-заштитно зеленило не се предвидуваат компатибилни класи на намена на основната класа на намена.

Заштитното зеленило има намена за заштита на животна средина, подобрување на микро-климатските услови и оплеменување на просторот.

Блок 2

БЛОК 2		
ПОВРШИНА 8.42 ХА	**ПАРАМЕТРИ**	**%**
Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА	71936 м2	85,41%
Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ТРАФОСТАНИЦИ,ЖЕЛЕЗНИЦА/	480 м2	0,57%
Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООБРАЌАЈ/	11813 м2	14,03%
ПЛАНСКИ ОПФАТ	**84229 м2**	100,00%

Површина: 8,42 ха
Намена: Г2-лесна индустрија, Е2-комунална супраструктура /железница/ и Е1-комунална инфраструктура /сообраќај/

- Г2-Лесна и незагадувачка индустрија

Класата на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија кореспондира со компатибилни класи на намена на основната класа на намена како што се:

- Б1-мали комерцијални и деловни единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- Б2-големи трговски единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- Б4-деловни простори, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 10%
- В2-здравство и социјална заштита, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 5%
- Д2-заштитно зеленило, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- Д3-спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- Д4-меморијални простори со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- Г3-сервиси, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- Г4–стоваришта, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 49%.

- Максимално дозволена височина до хоризонталниот венец на градбите: .....**12,00 m**
- Максимално дозволена катност.....**П+1**
- Максимално дозволен процент на изграденост **70%**
- Максимално дозволен коефициент на искористеност **2,1**
- кота на тротоар ± 0.00 м
- кота на приземна плоча или нулта точка во однос на нивелетата на тротоар мах 0,30 м
-максимална висина на слеме како највисока точка на кровната конструкција изнесува 4,50 м над завршниот венец на градбата

За секоја градежна парцела треба да се обезбеди пристап од улица

За класите на намена Е1-комунална инфраструктура и Е2-комунална супраструктура не се предвидуваат компатибилни класи на намена на основната класа на намена.

Блок 3

БЛОК 3		
ПОВРШИНА 10.29 ХА	**ПАРАМЕТРИ**	**%**
А1- ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	83299 м2	80,95%
Д3-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	12525 м2	12,17%
Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООБРАЌАЈ/	7082 м2	6,88%
ПЛАНСКИ ОПФАТ	**102907 м2**	100,00%

Површина: 10.29 ха

Намена: А1-домување во станбени куќи, Д3-спорт и рекреација и Е1-комунална инфраструктура /сообраќај/

- А1- домување во станбени куќи

Класата на намена А1- домување во станбени куќи(селско стопански двор) кореспондира со компатибилни класи на намена на основната класа на намена како што се:

-Б1-мали комерцијални и деловни единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%

-В1-образование, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%

-В2-здравство и социјална заштита, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%

-Д3-спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%

-Б5-хотелски комплекси, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 5%

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 30%.

При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите.

Со анализа на постојната состојба добиен е целосен увид во однос на бројот, големината и материјалната вредност на станбените објекти. Од тука е произлезен и ставот за идниот статус на секој поединечен објект, неговиот однос кон вклопување во цели на планирање.

- Реконструкција на станбени куќи со проширување на површината за градба со доградба и надградба;
- Се задржуваат без интервенција објектите кои со својата големина, висина и квалитет ги задоволуваат применетите критериуми;

- Максимално дозволена височина до хоризонталниот венец на градбите.....**10,20 m**

- Максимално дозволена катност.....**П+2+Пк**
- Максимално дозволен процент на изграденост .....**70 %**
- Максимално дозволен коефициент на искористеност **2,80**
- кота на тротоар ± 0.00 м
- кота на приземна плоча или нулта точка во однос на нивелетата на тротоар мах. 1,20 м
-максимална висина на слеме како највисока точка на кровната конструкција изнесува 4,50 м над завршниот венец на градбата

- Д3 – спорт и рекреација

Класата на намена Д3 – спорт и рекреација кореспондира со компатибилни класи на намена на основната класа на намена како што се:

- А4-времено домување, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 20%

-Б1-мали комерцијални и деловни единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 10%

-Б2-големи трговски единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%

-Б3-големи угостителски единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 10%

-Б4-деловни простори, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 10%

-Б5-хотелски комплекси, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 20%

- Б6-простори за собири, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%

-В3-култура, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 20%

